ArcelorMittal

# ДОГОВОР ЗА КАПИТАЛНА НАБАВКА Бр.

Помеѓу:

□

застапувани од уредно овластени лица чии имиња се наведени на страницата за потписи од овој ДОГОВОР, во понатамошниот текст во овој ДОГОВОР наречена"КОМПАНИЈА" и во анекс 17 од овој ДОГОВОР наречана "КУПУВАЧ"

од една страна,

и

□

застапувани од уредно овластени лица чии имиња се наведени на страницата со потписи од овој ДОГОВОР, во понатамошниот текст: "ИЗВЕДУВАЧ"

од друга страна.

КОМПАНИЈАТА и ИЗВЕДУВАЧОТ во понатамошниот текст засебно ќе се нарекуваат "ДОГОВОРНА СТРАНА", а заеднички "ДОГОВОРНИ СТРАНИ".

**Фактурирање и адреса на КОМПАНИЈАТА:**
Сите фактури од ИЗВЕДУВАЧОТ ќе бидат доставувани во по три примероци на следнава адреса:

□

Адреса за испорака на РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА на КОМПАНИЈАТА

□

**БИДЕЈЌИ:**
КОМПАНИЈАТА е специјализирана за производство, преработка и/или продажба на челични производи.

Во однос на (know-how)ноу-хау, знаењето, технологијата и искуството на ИЗВЕДУВАЧОТ кои тој ги има за РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА, како и за сите работи кои ги презема за навремено исполнување на своите обврски согласно ДОГОВОРОТ, КОМПАНИЈАТА е подготвена да склучи договор со ИЗВЕДУВАЧОТ за испорака на РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА кои подетално се опишани во член 1 подолу.
ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ се договараа во врска со термините и условите кои ќе важат за испорака на РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА и одлучија да го склучат овој ДОГОВОР.

**ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ СЕ ДОГОВОРИЈА ЗА СЛЕДНОТО:**

**1- Обем на испораката**

1.1 Односното ГРАДИЛИШТЕ

ГРАДИЛИШТЕТО каде РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА треба да се монтираат и испорачаат е (*):
☐

Затоа, РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА ќе бидат испорачани од страна на ИЗВЕДУВАЧОТ согласно ИНЦОТЕРМС, ДДП растоварени на адресата која е погоре наведена.

1.2. Обем на РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА кои треба да се испорачаат

Целта на овој ДОГОВОР е да ги утврди роковите и условите кои ќе важат за (и) продажбата и испораката на ГРАДИЛИШТЕТО од страна на ИЗВЕДУВАЧОТ на РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА и (ии) обврските на ИЗВЕДУВАЧОТ кои се наведени во ТЕХНИЧКИТЕ СПЕЦИФИКАЦИИ НА КОМАПНИЈАТА (приложени во анекс 1 од истиот) и резимирани подолу: (*)
☐

РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА ќе бидат така планирани и монтирани со цел да се обезбеди безбедно, ефикасно и економично работење и одржување.
За горната цел, ИЗВЕДУВАЧОТ е должен да користи стандардизирана, комерцијално расположива опрема која може да функционира без некое големо одржување.

**2- Цена**

2.1. Утврдување на ДОГОВОРНАТА ЦЕНА

Цената за продажба и испорака на РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА согласно ДОГОВОРОТ (во понатамошниот текст:ДОГОВОРНА ЦЕНА)се состои од следното:

ДОГОВОРНАТА ЦЕНА вклучува испорака на РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА како што е дефинирано во член 1.2 подолу како и сите ставки наведени во Клаузула 5.2 од ОПШТИТЕ УСЛОВИ, а особено ИНОВАЦИИТЕ и целиот трансфер на КОМПАНИЈАТА согласно одредбите на ОПШТИТЕ УСЛОВИ со кои се дава една или повеќе лиценци/дозволи за користење на ПРАВАТА НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ во однос на ИНОВАЦИИТЕ, материјалите и специјалните алатки, СПЕЦИЈАЛЕН СОФТВЕР и/или СОФТВЕР НА ИЗВЕДУВАЧОТ како што е наведено во анекс 12 ("СТАНДАРДЕН СОФТВЕР, СОФТВЕР НА ИЗВЕДУВАЧОТ и СПЕЦИЈАЛЕН СОФТВЕР").

2.1.1. Фиксен дел на ДОГОВОРНАТА ЦЕНА

Фиксниот дел од ДОГОВОРНАТА ЦЕНА се подразбира и договорено е да изнесува во еден паушален износ од

ЕУР нето
Евра нето

Фиксниот дел на ДОГОВОРНАТА ЦЕНА е неменлив, цврст, и не подлежи на било каква ревизија, а сите даноци кои се вклучени (освен ДДВ) за работите, услугите и/или набавките кои треба да се извршат и/или обезбедат во однос на РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА како и постигнувањето на сите резултати и перформанси кои се очекуваат од КОМПАНИЈАТА.
Фиксниот дел на ДОГОВОРНАТА ЦЕНА посебно ги вклучува сите трошоци кои ќе ги направи ИЗВЕДУВАЧОТ за испорака на РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА како и ставките наведени во член 2.1 погоре.

2.1.2. Варијабилен дел на ДОГОВОРНАТА ЦЕНА кој се заснова на "Задолжителни количини"

Кога ќе се спомене во член 2.1 погоре дека дел од РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА кои треба да ги испорача ИЗВЕДУВАЧОТ согласно ДОГОВОРОТ не може да се испорачаат во количините и/или обемите кои се прецизно и одредено утврдени од ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ, споменатите делови на ПОСТРОЈКИ И/ИЛИ ОПРЕМА ќе се испорачаат како ("Задолжителни количини").

2.2. Рокови на плаќање

ДОГОВОРНАТА ЦЕНА ќе ја плати КОМПАНИЈАТА според неколкуте рокови за плаќање и според динамиката дадена во анекс 3 ("Рокови на плаќање") по уредно исполнување на договорените обврски наведени во анекс 3.

2.3. Банкови гаранции

ИЗВЕДУВАЧОТ изрично се обврзува да и ги обезбеди на КОМПАНИЈАТА сите банкови гаранции кои се бараат во анекс 3 ("Рокови на плаќање") согласно со важечките урнеци приложени во анекс 10 ("Банкова гаранција").
КОМПАНИЈАТА ќе има право да ги одбие банковите гаранции и/или документите поврзани со истите ако тие во целост не одговараат на гореспоменатите теркови. Во тој случајм таквите документи нема да се сметаат за валидни банкови гаранции со кои се врши одобрување на некое плаќање или Рокови на плаќање.

2.4. Потребни сертификати согласно ЗАКОНИТЕ(*)

ИЗВЕДУВАЧОТ се обврзува да обезбеди на своја иницијатива, а согласно роковите дадени во важечките ЗАКОНИ и во секој случај во најкус можен рок по барање на КОМПАНИЈАТА, соодветен сертификат и/или атест кој се бара според важечките ПРОПИСИ, а посебно за даночни работи, трудови работи и работи кои се однесуваат на социјални придонеси.

Ако такви документи не се обезбедат во бараниот рок, тоа може да го спречи прифаќањето на обврската после рокот на таквото неизвршување, како што е наведено во динамиката дадена во анекс 3 "Рокови на плаќање" и/или може да доведе ДОГОВОРНИ СТРАНИ да применат задршка/и.

**3-Правосилна дата и стапување на ДОГОВОРОТ во сила**

Ако не е поинаку изрично наведено, ДОГОВОРОТ стапува во сила на НУЛТА ДАТА како што е наведено за првиот договорен случај од анекс 3 ("Рокови на плаќање".

**4- Договорни документи**

ДОГОВОРОТ ќе се имплементира согласно неговите термини и услови, вклучително и неговите анекси кои се наведени подолу кои претстваувааt составен дел на ДОГОВОРОТ.

ArcelorMittal

Посебно, овој ДОГОВОР изрично ги вклучува и сите рокови и услови од ОПШТИТЕ УСЛОВИ кои ги има прифатено ИЗВЕДУВАЧОТ (Види анекс 17 во прилог) и сите термини кои се користат во писмата ќе го имаат истото значење како што е дефинирано во ОПШТИТЕ УСЛОВИ, ако не е наведена друга изрична дефиниција во ДОГОВОРОТ.

**Анекси**

- A1 ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА НА КОМПАНИЈАТА (вклучително ТЕСТОВИ и перформанси на РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА)
- A2 ДОГОВОРЕНА ДИНАМИКА (*)
- A3 Рокови на плаќање
- A4 Преглед на цената на РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА (*)
- A5 Листа на единечни цени кои важат за РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА
- A6 Предвидени количини
- A7 Прописи за заштита при работа
    - 7.1- Општи прописи за безбедност за група и/или КОМПАНИЈА
    - 7.2- Посебни прописи за безбедност кои се однесуваат на ГРАДИЛИШТЕТО
- A8 Прописи за животна средина
    - 8.1 - Општи еколошки правила за безбедност за група и/или КОМПАНИЈА
    - 8.2 - Посебни еколошки прописи за безбедност кои се однесуваат на ГРАДИЛИШТЕТО
- A9 Опис на осигурувањето
- A10 Урнеци на банкова гаранција
    - 10.1- Урнек за гаранција за извршување на работите
    - 10.2- Урнек на прво барање на банкова гаранција
- A11 Посебни гаранциски рок-ови (кои се разликуваат од ОПШТИТЕ УСЛОВИ)
- A12 СТАНДАРДЕН СОФТВЕР, СОФТВЕР НА ИЗВЕДУВАЧОТ И СПЕЦИЈАЛЕН СОФТВЕР
    - 12.1 - СТАНДАРДЕН СОФТВЕР
    - 12.2 - СОФТВЕР НА ИЗВЕДУВАЧОТ
    - 12.3 - СПЕЦИЈАЛЕН СОФТВЕР

- A13 Листа на резервни делови
- A14 Листа на обични амортизациони делови и потрошни материјали
- A15 Листа на овластени под-изведувачи
- A16 Листа на алати и материјали кои му се ставени на располагање на ИЗВЕДУВАЧОТ од страна на КОМПАНИЈАТА
- A17 ГЦЦП-ОПШТИ УСЛОВИ ЗА КАПИТАЛНИ НАБАВКИ прифатени од ИЗВЕДУВАЧОТ во формуларот за прифаќање (АФ) од ____
- A18 ТЕХНИЧКА ПОНУДА НА ИЗВЕДУВАЧОТ
- A19 Сертификати издадени од надлежни органи за:
  19.1-Даночни работи
  19.2-Трудови работи
  19.3-Други работи

Ако некој од горенаведените анекси изрично е избришан и/или означен како "НЕВАЖЕЧКИ" тој според овој ДОГОВОР треба да се смета за неприфатлив во целост.

ИЗВЕДУВАЧОТ изјавува и потврдува дека тој во целост е запознат со содржината на гореспоменатите анекси, а особено со ОПШТИТЕ УСЛОВИ кои ИЗВЕДУВАЧОТ УРЕДНО ГИ ИМА ПРИФАТЕНО.

Во случаја на некоја контрадикторност помеѓу два (или повеќе) анекси, термините и условите на анексот кој е означен со помал број во горната листа ќе биде доминантен над дадените одредби на другите анакси. Во секој случај, одредбите наведени во ДОГОВОРОТ ќе бидат доминантни над соодветните одредби дадени во ОПШТИТЕ УСЛОВИ.

ДОГОВОРОТ го претставува целото договарање меѓу ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ за предметната материја и сите претходни преговори, изјави или согласности, било да се тоа писмени или усмени, кои се однесуваат на предметната материја ќе се сметаат како ништавни и неважечки, под услов да истите не биле изрично наведени во истиот.

Секоја измена или дополнение на ДОГОВОРОТ, на ОПШТИТЕ УСЛОВИ или на некој од гореспоменатите анекси, ќе важи и ќе ги обврзува ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ само ако истите изрично се договорени во писмен документ потпишан од двете ДОГОВОРНИ СТРАНИ.

## 5- Крајни рокови и гаранции (како што се резимирани во ОПШТИТЕ УСЛОВИ)

5.1. Крајни рокови и периоди

Без да се наштети на другите одредби на ОПШТИТЕ УСЛОВИ, ИЗВЕДУВАЧОТ се обврзува во целост да ја исполни ДОГОВОРЕНАТА ВРЕМЕНСКА ДИНАМИКА наведена во анекс 2 ("ДОГОВОРЕНА ДИНАМИКА") во прилог на овој ДОГОВОР, назначувајќи дека сите датуми и крајни рокови наведени во ДОГОВОРЕНАТА ДИНАМИКА се од огромна важност за КОМПАНИЈАТА.

5.2 Гаранција и постигнување на перформансите

Без оглед на одредбите од Клаузула 26.1 од ОПШТИТЕ УСЛОВИ, ИЗВЕДУВАЧОТ гарантира посебно дека РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА ќе одговараат на дадените спецификации и барање во овој ДОГОВОР, вклучително и технички опис на РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА дадени од ИЗВЕДУВАЧОТ во ТЕНИЧКАТА ПОНУДА НА ИЗВЕДУВАЧОТ (Види анекс 18).

**6 - Надомест за штети**

6.1. Надомест на штети за доцнење

Ако некој договорен рок наведен во анекс 3 ("Рокови на испорака") во целост не се исполни од страна на ИЗВЕДУВАЧОТ во одредено време, КОМПАНИЈАТА ќе има право веднаш да си ги надомести штетите за доцнењето во износ од ___% од вкупната ДОГОВОРНА ЦЕНА по ___отпочнат/цел ДЕН/недела (*) на задоцнување на ДОГОВОРНАТА СТРАНА во максимален износ не помалку од 10% од вкупната ДОГОВОРНА ЦЕНА.

Примената на таквите надоместувања на штети ќе биде за да и се надомести на КОМПАНИЈАТА за доцнењето и истото ќе престане да се применува штом ИЗВЕДУВАЧОТ ќе го регулира таквото доцнење.

Кога ИЗВЕДУВАЧОТ и плаќа на КОМПАНИЈАТА за претрпените штети заради доцнење согласно горенаведените одредби, КОМПАНИЈАТА ќе има право да покрене и друго побарување кое треба да биде строго поврзано со таквото доцнење, освен во случај на оценето глобално доцнење настанато според ДОГОВОРОТ кое ќе води кон пречекорување на максималните лимити на штетите кои треба да се надоместат. Во таков случај, КОМПАНИЈАТА ќе има право да ги искористи сите други права и/или правни лекови наспрема ИЗВЕДУВАЧОТ ако тоа го дозволуваат ПРОПИСИТЕ и/или ОПШТИТЕ УСЛОВИ.

Под услов повикувањето на "Надоместливи штети" или "НШ" да е изрично нагласено пред наведените случаи во анаке 3 ("Рокови на плаќање") во прилог на овој Договор и ако ИЗВЕДУВАЧОТ во целот одговори на рокот за ТЕХНИЧКИ ПРИЕМ или за ПРИВРЕМЕН ПРИЕМ како што е наведено во анекс 3, тогаш на ИЗВЕДУВАЧОТ треба да му се врати целиот износ или дел од износот кој го платил како надомест на штети за доцнење кој тој веќе му го платил, под услов и до онаа мера доколку КОМПАНИЈАТА не претрпела директни или индиректни непосредни и/или значителни загуби кои произлегуваат од таквото доцнење.

6.2. Надоместување на штети заради не постигнување на договорените перформанси (*)

Ако изрично се бара надомест на штети заради непостигнување на договорените перформанси во однос на РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА, тогаш истите треба да се наведуваат за секоја договорна перформанса и да се дефинира барем следното:

- релевантни очекувани вредности како и применливи методи за мерење;
- единечна мерка која треба да се примени;
- педвидени толеранции;
- предвидени надоместливи штети;
- Ако треба, секое можно повикување за "Исправка" ако треба ИЗВЕДУВАЧОТ да ја направи и сите мерки и дејствија кои се неопходни или соодветни за да се постигнат барем минималните планирани перформанси.

Надоместливи штети за непостигнување на договорените перформанси:

(и) ќе доспеат и ќе треба да се платат на датата на ПРЕЛИМИНАРНИОТ ПРИЕМ, под услов да е утврдено пред тоа дека една или неколку перформанси не се постигнати, и

(ии) да биде единствен правен лек на КОМПАНИЈАТА ако непостигнувањето на договорните перформанси од страна на ИЗВЕДУВАЧОТ, со строго изземање на перформансите за кои треба да се примени "Исправка".

Без оглед на горното, ако ИЗВЕДУВАЧОТ конечно успее до датумот на КОНЕЧЕН ПРИЕМ со договорната толеранција/ии и лимити како што е наведено во ДОГОВОРОТ за договорените перформанси на РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА, штетите кои ги платил ИЗВЕДУВАЧОТ како надомест за штета при ПРЕЛИМИНАРНИОТ ПРИЕМ во однос на споменатите договорни перформанси, ќе треба да му се вратат на ИЗВЕДУВАЧОТ на датата на КОНЕЧНИОТ ПРИЕМ.

Во секој случај, максималниот износ кој се наведува за ваквите надоместливи штети за непостигнување на договорените перформанси се утврдува на еден износ не помалку од 10% од ВКУПНАТА ДОГОВОРНА ЦЕНА,

6.3. Ограничување на глобалниот износ на надоместливи штети

Вкупниот износ на надоместливи штети за доцнење и/или непостигнување на договорените перформанси кој треба да го примени КОМПАНИЈАТА согласно член 6.1 и 6.2 погоре ќе биде строго ограничен на не помалку од 15% од вкупната ДОГОВОРНА ЦЕНА.

6.4. Други обврски кои се однесуваат на надоместливите штети

6.4.1. Известување, репрограмирање и акционен план

Во случај на примена на надоместок на штети, КОМПАНИЈАТА е должна да му испрати на ИЗВЕДУВАЧОТ писмено известување (по е-маил, по факс или по пошта), со цел да го извести за примена на одредбата за надомест на штети како што е наведено во член 6.

По прием на таквоти известување, ИЗВЕДУВАЧОТ е должен веднаш да ја извести КОМПАНИЈАТА за новите разумни крајни рокови по кои ИЗВЕДУВАЧОТ треба да ја регулира задоцнетата испорака и/или споменатите непостигнувања на договорените перформанси како и акциониот план во врска со истите. Ако споменатите крајни рокови за КОМПАНИЈАТА се сметаат за несоодветни според дадените околности, КОМПАНИЈАТА е должна да го извести ИЗВЕДУВАЧОТ за истото без непотребно одлагање и да се договори со ИЗВЕДУВАЧОТ за соодветните рокови на кои може да одговори.

Ако ИЗВЕДУВАЧОТ не е во состојба да ги почитува новите крајни рокови пред да бидат прифатени од страна на КОМПАНИЈАТА, тогаш КОМПАНИЈАТА ќе има право да ја примени одредбата за надомест на штети и/или да искористи други права и правни лекови дозволени со ЗАКОН и/или според ОПШТИТЕ УСЛОВИ.

6.4.2. Модалитети на плаќање на акумулирани надоместливи штети

По избор на КОМПАНИЈАТА, плаќањто од страна на ИЗВЕДУВАЧОТ на штетите кои треба да се надоместат согласно ДОГОВОРОТ целосно или делумно може (и) КОМПАНИЈАТА да ги пребие од износот кој останува да

ArcelorMittal

му се плати на ИЗВЕДУВАЧОТ и/или (ии)  да се плати со кредитна нота односно потврда за одобрен кредит издадена од ИЗВЕДУВАЧОТ.

**7- Опции**

7.1. Опис на опциите, референци, цени и рокови за користење на опциите(*)
Опис на секоја опција и референтен број/еви Цена (*)  на секоја опција
Рокови за користење на опцијата со цел да му се овозможи на ИЗВЕДУВАЧОТ да ја изврши испораката согласно ДОГОВОРЕНАТА ДИНАМИКА

(Рок А)    Последен рок за искористување на опцијата
(Рок Б)

7.2. Начела

За користењето на една или неколку опции (вклучително и сите кои се однесуваат на резервните делови) кои треба да се изберат од листата наведена во член 7.1 погоре (а, кои се прецизно  опишани во ТЕХНИЧКАТА ПОНУДА НА ИЗВЕДУВАЧОТ) може да одлучи  КОМПАНИЈАТА или некоја друга команија здружена со MITTAL STEEL COMPANY N.V. како што е утврдено во Клаузула 1.1 од ОПШТИТЕ УСЛОВИ.

ИЗВЕДУВАЧОТ не смее да одбие користење на некоја од опциите согласно условите на ДОГОВОРОТ како што е наведено погоре до датумот на ПРЕЛИМИНАРНИОТ ПРИЕМ.

Цените и роковите на важност на опциите се утврдени во член 7.1 погоре и не подлежат на ревизија пред да дојде последниот ден наведен за користење на таквата опција (погорте наведен како "Рок Б"). Ако опцијата се искористи пред првиот ден кој е наведен за користење за таквата опција (погоре   наречен "Рок А"), ИЗВЕДУВАЧОТ е должен да  ги спроведе сите дејствија и мерки за испорака на таквата опција согласно ДОГОВОРЕНАТА ДИНАМИКА која е утврдена во ДОГОВОРОТ.

Фактот што се користи било која од опциите или ако не се користи, нема  да ги измени и да влијае на било кој начин врз должностите и обврските кои ги има ИЗВЕДУВАЧОТ согласно ДОГОВОРОТ.

7.3. Користење на опција

Секоја користена опција ќе треба да се плати согласно истите услови кои се наведени во ДОГОВОРОТ, освен резервните делови или потрошните материјали кои треба да се платат оддеднаш после квалитативниот и

квантитативниот прием на вкупните количини испорачани од страна на ИЗВЕДУВАЧОТ.

**8- Други договорни рокови (*)**

□

**9- Застапници на Договорните страни**

9.1. Застапници на КОМПАНИЈАТА

Застапници на КОМПАНИЈАТА за извршување на ДОГОВОРОТ се следниве:

| | |
|---|---|
| Раководител на проект: | Г-дин<br>Телефон бр.<br>Факс бр.<br>Е-маил |
| Инженеринг: | Г-дин<br>Телефон бр.<br>Факс бр.<br>Е-маил |
| Купувач: | Г-дин<br>Телефон бр.<br>Факс бр.<br>Е-маил |

9.2. Застапници на ИЗВЕДУВАЧОТ

Застапници на ИЗВЕДУВАЧОТ за извршување на ДОГОВОРОТ се следниве:

| | |
|---|---|
| Раководител на проект: | Г-дин<br>Телефон бр.<br>Факс бр.<br>Е-маил |
| Инженеринг: | Г-дин<br>Телефон бр.<br>Факс бр.<br>Е-маил |

ArcelorMittal

Продавач: Г-дин
Телефон бр.
Факс бр.
Е-маил

**10- Разно.**

ИЗВЕДУВАЧОТ е должен да ги земе предвид сите додатни информации и/или практични податоци кои се наведени по електронски редослед и кои се однесуваат на РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА.

Неисполнувањето на една или повеќе одредби од ДОГОВОРОТ од страна на било која ДОГОВОРНА СТРАНА не смее да се толкува како откажување од нивните права.

Ако некоја одредба од ДОГОВОРОТ се смета за невалидна, незаконита или неспроведлива, важноста, законитоста или спроведливоста на другите одредби нема да биде загрозена ниту намалена и истите ќе останат во сила и ќе имаат правно дејство како да невалидната, незаконската или неспроведливата одредба никогаш не била дел од ДОГОВОРОТ, а ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ во таков случај се обврзуваат да го изменат ДОГОВОРОТ со цел да се постигнат резултатите кои во почетокот биле договорени меѓу нив.

Евентуалните референци и текстови кои ќе се вметнат како крајни забелешки во овој ДОГОВОР се строго дадени и наменети само за информативни цели и нема во било кој случај да имаат било какво договорно значење.

Овој ДОГОВОР е направен во два (2) оригинални примерока, по еден за секоја ДОГОВОРНА СТРАНА на (*)

| За КОМПАНИЈАТА: | За ИЗВЕДУВАЧОТ: |
|---|---|
| ______________________ | ______________________ |
| Име: | Име: |
| Функција: | Функција: |

______________________
Име:
Функција:

ArcelorMittal

**АНЕКС 1**

**ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА НА КОМПАНИЈАТА**

(Да се внесе тука)

**АНЕКС 2**

**ДОГОВОРЕНА ДИНАМИКА**

(Да се внесе тука)

ArcelorMittal

**Анекс 3**
**Рокови за плаќање**

Сите плаќања мора да се извршат во рок од деведесет (90) календарски денови на крајот од месецот после квантитативниот и квалитативниот прием во КОМПАНИЈАТА на соодветните договорени работи.

Ставка бт.
(●)
Опис на договорените работи
(●)
Рок на договорените работи
(●)
ДОГОВОРНА ЦЕНА рати
(во % од ДОГОВОРНАТА ЦЕНА)
(●)
Забелешки (за Банковите гаранции (●)Надоместливи штети (●)

1
Авансно плаќање на нарачката (кое треба да се изврши пред прием на неотповикливо потврдување на нарачката од ИЗВЕДУВАЧОТ )
J
x %
(●)

2
Испраќање до КОМПАНИЈАТА на следнава ДОКУМЕНТАЦИЈА:
□ (●)
J + (ДЕНОВИ)
x %

…
Почнување на неопходната подготовка за монтажа на РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА во просториите на ИЗВЕДУВАЧОТ

J + (ДЕНОВИ)
x %

…
Завршување на монтажата на ГРАДИЛИШТЕТО на РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА
J + (ДЕНОВИ)

x %

…
… …
J + (ДЕНОВИ)
x %

…
ТЕХНИЧКИ ПРИЕМ
Ш●Ќ
J + (ДЕНОВИ)
x %

…
ПРИВРЕМЕН ПРИЕМ (после целосна испорака на целиот договорен материјал и потребните документи) Ш●Ќ
J + (ДЕНОВИ)
x %

…
КОНЕЧЕН ПРИЕМ (после неопходната корекција на сите евентуални забелешки)
Соодветниот износ треба да се плати истовремено како рата која одговара за ПРЕЛИМИНАРЕН ПРИЕМ под услов претходно да била доставена банкова гаранција со важност од 12 месеци за тој износ. Ш●Ќ
J + (ДЕНОВИ)
x %

ArcelorMittal

**АНЕКС 4**
**Разложена цена за ПОСТРОКИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА**

(Да се внесе тука)

**АНЕКС 5**
**Листа на единечни цени за ПОСТРОЈКИ И/ИЛИ ОПРЕМА**

(Да се внесе тука)

**АНЕКС 6**
**Задолжителни количини**

6.1 Дефиниција и домен

Терминот "Задолжителни количини" согласно овој ДОГОВОР ќе значи дел од РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА кои не може да се испорачаат согласно цврстите и претходно утврдени количини и/или обеми наведени по потпишување на ДОГОВОРОТ. Сходно на тоа, споменатите делови од РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА ќе се испорачуваат како "Задолжителни количини" за предвидена количина и/или обем по позиција и според единечната цена која ќе ја договорат ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ како што е наведено во долната табела под ("Задолжителни количини").

Делови од РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА кои треба да се испорачаат како "Задолжителни количини" Провизорни количини/обеми на споменатите делови од РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА (*) Единечна цена за спомнатиот дел од РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА

Провизорниот вкупен износ на варијабилниот дел од ДОГОВОРНАТА ЦЕНА кој одговара на деловита на РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА кои се испорачуваат како "Задолжителни количини" како што е овде опишано е ЕУР нето (*)____
Бруто (и примарната) предвидена вредност од вкупниот износ на деловите од РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА која треба да се испорача како "Задолжителни количини" изнесува: ЕУР (*)_____

ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ изрично се согласуваат дека ќе се применува коефициент за намалување од ____0, на гореспоменатата бруто (и примарна) предвидена вредност како и на сите единечни цени наведени на горната табела (*), со цел да се добие нето вредноста на варијабилниот дел од ДОГОВОРНАТА ЦЕНА.

6.2 Правила за пресметување и плаќање на финалниот варијабилен дел од ДОГОВОРНАТА ЦЕНА

6.2.1 Завршна пресметка на варијабилниот дел од ДОГОВОРНАТА ЦЕНА

Варијабилниот дел од ДОГОВОРНАТА ЦЕНА како што е дефинирано во член 2.1.2 од ДОГОВОРОТ повторно ќе биде усогласен после целосно извршување на ДОГОВОРОТ врз основа на стварните и финалните количини и обеми на делови од РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА испорачани

како "Задолжителни количини" и кои биле ефектуирани од страна на ИЗВЕДУВАЧОТ согласно ДОГОВОРОТ за ПОСТРОЈКИ И/ИЛИ ОПРЕМА. Финалното вреднување на таквите стварни колочини и обеми треба да се изврши како што е опишано подолу.

Само рокот за плаќање кој се однесува на ПРЕЛИМИНАРНИОТ ПРИЕМ треба да се адптира и усогласи земајќи го предвид финалниот варијабилен дел од ДОГОВОРНАТА ЦЕНА како што е погоре наведено.

6.2.2 Проценка на стварните количини и обеми испорачани од ИЗВЕДУВАЧОТ

ИЗВЕДУВАЧОТ е должен да и достави на КОМПАНИЈАТА рекапитуларен и детален документ во кој треба да се содржани следниве информации:

- целосен и комплетен опис на деловите на РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА испорачани од ИЗВЕДУВАЧОТ како "Задолжителни количини",
- пописна листа по позиции за стварните количини и/или обеми на споменатите делови од РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА кои ги испорачал ИЗВЕДУВАЧОТ вклучително и соодветни единечни цени,
- износот кој веќе го платила КОМПАНИЈАТА согласно анекс 3 ("Рокови на плаќање"),
- износ кој останува да го плати КОМПАНИЈАТА или да му се надомести на ИЗВЕДУВАЧОТ сопгасно ДОГОВОРОТ.

Гореспоменатиот рекапитулирачки документ треба да биде:

- потпишан од страна на овластен претставник на ИЗВЕДУВАЧОТ;
- испратен истовремено на Раководителот на проектот и на Застапникот за набавки од КОМПАНИЈАТА (како што е наведено во член 9.1 од ДОГОВОРОТ), но најдоцна во рок од петнаесет (15) ДЕНА по датата на завршување на деловите од РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА испорачани од страна на ИЗВЕДУВАЧОТ како "Задолжителни количини"; и
- испорачани заедно со примероци од сите докази и документи (како што се записи за пресметка и ажурирани планови, фактури од под-изведувачи, примероци од цртежи на кои се наведуваат сите места на кои се однесуваат количините и обемите на сите делови од РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА кои треба да се испорачаат како "Задолжителни количини" согласно ДОГОВОРОТ кои ефектуирани односно испорачани од страна на ИЗВЕДУВАЧОТ.

6.2.3 Контрадикторна изјава на ГРАДИЛИШТЕТО за време на изведувањето на РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА

Ако некој дел од РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА треба да се испорача од страна на ИЗВЕДУВАЧОТ како "Задолжителни количини" согласно ДОГОВОРОТ не може во разумна мерка да го провери КОМПАНИЈАТА после уредно и прописно исполнување на ДОГОВОРОТ, ИЗВЕДУВАЧОТ е должен да побара од КОМПАНИЈАТА издавање на контрадикторна изјава за време на имплементацијата на ГРАДИЛИШТЕТО на споменатиот дел од РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА во однос на количините и обемот на споменатите делови на РАБОТИ И/ИЛИ ОПРЕМА кои биле испорачани од страна на ИЗВЕДУВАЧОТ. Оваа контрадикторна изјава треба да ја потврди ИЗВЕДУВАЧОТ дека е точна и дека е заеднички потпишана од уредно овластен застапник од секоја ДОГОВОРНА СТРАНА.

6.2.4 Плаќање на фактура за количините и обемот на РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА испорачани како "Задолжителни количини" ефикасно испорачани од страна на ИЗВЕДУВАЧОТ

Фактурата која се однесува на ПРИВРЕМЕНИОТ ПРИЕМ смее да се издаде само од страна на ИЗВЕДУВАЧОТ после потпишување на анекс кон ДОГОВОРОТ издаден од страна на Застапникот за набавки на КОМПАНИЈАТА.

ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ се обврзуваат за целите на горенаведенното да ги почитуваат следниве правила:

- Кога ќе се утврди дека вкупните количини и/или обем испорачани од ИЗВЕДУВАЧОТ се испорачани во поголема количина и/или обем отколку соодветните "Задолжителни количини" утврдени во 6.1 погоре, КОМПАНИЈАТА е должна да испрати посебен налог до ИЗВЕДУВАЧОТ за таквите екстра количини и по приемот на таквиот налог, ИЗВЕДУВАЧОТ ќе има право да издаде соодветна дополнителна фактура; и

- Кога ќе се утврди дека вкупните количини и/или обем испорачани од ИЗВЕДУВАЧОТ се испорачани во помали количина и/или обем отколку соодветните "Задолжителни количини" утврдени во 6.1 погоре, КОМПАНИЈАТА ќе има право по свој избор:

- да го пребие тој износ од износот кој му го должи на ИЗВЕДУВАЧОТ, и/или
- да побара од ИЗВЕДУВАЧОТ да му издаде кредитна нота за износот кој одговара за количините и/или обемот кои првобитно биле вклучени во ДОГОВОРНАТА ЦЕНА , но кои не биле испорачани од страна на ИЗВЕДУВАЧОТ согласно ДОГОВОРОТ, а таквата кредит нота ќе треба да се испрати веднаш до КОМПАНИЈАТА.

ArcelorMittal

6..2.5 Проверка на ефективно испорачаните  количини и обем на РАБОТИ И/ИЛИ ОПРЕМА според "Задолжителните количини"

ИЗВЕДУВАЧОТ  се согласува во рок од дванаесет (12) календарски месеци по ПРЕЛИМИНАРНИОТ ПРИЕМ, дека КОМПАНИЈАТА ќе има право да изврши детална проверка на количините ио/или обемот на делотите од РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА испорачани според "Задолжителната количина" која ИЗВЕДУВАЧОТ тврди дека ефективно ја испорачал.

Ако се утврдат разлики во делот кој се однесува на професионалните стандарди и обичаи од страна на КОМПАНИЈАТА помеѓу количините или обемот декларирани од ИЗВЕДУВАЧОТ како ефективно испорачани и количините или обемот ефективно испорачан од ИЗВЕДУВАЧОТ при проверката од страна на КОМПАНИЈАТА, КОМПАНИЈАТА е должна да го извести ИЗВЕДУВАЧОТ за таквите разлики и ќе има право по свој избор:

- да ја пребие таквата вредност од износот кој му го должи на ИЗВЕДУВАЧОТ; и/или
- да бара од ИЗВЕДУВАЧОТ да издаде одобрение за кредит (кредитна нота) за износот кој одговара на количините и/или обемот кои се финално фактурирани или надоместени од ИЗВЕДУВАЧОТ согласно точка 6.2.4 погоре, но кои не биле ефективно испорачани и снабдени од страна на ИЗВЕДУВАЧОТ согласно ДОГОВОРОТ, а таквата кредит нота ќе мора веднаш да се испрати ДОГОВОРНИ СТРАНИ КОМПАНИЈАТА.

ArcelorMittal

**АНЕКС 7**
**Прописи за безбедност**

7.1-Општи прописи за безбедност на Групацијата и/или Компанијата

(Да се внесат после консултација со Правната Служба)

7.2-Посебни прописи за заштита при работа на односното ГРАДИЛИШТЕ

(Повикајте се на важечките упатства за заштита при работа или на прирачникот)

**АНЕКС 8**
**Прописи за животна средина**

8.1 - Прописи за животна средина на Групацијата и/или КОМПАНИЈАТА

(да се внесат овде)

8.2-Посебни прописи за животна средина (еколошки прописи) на односното ГРАДИЛИШТЕ

(Да се внесат овде)

ArcelorMittal

**АНЕКС 9**
**Опис на осигурувањето**

Гаранции Барања Осигурување на ИЗВЕДУВАЧОТ
Осигурување на КОМПАНИЈАТА за ИЗВЕДУВАЧОТ
Задолжително осигурување Изземено од целосното задолжително осигурувањеДа се презентира од ИЗВЕДУВАЧОТ пред потпишување на ДОГОВОРОТ
Штети на работите Осигурување против сите ризици за износот на РАБОТИТЕ И/ИЛИ ОПРЕМАТА Износ : ___
Лимит на одземање: ___
Главни изземања: ____ Осиг.износ: ___
Лимит на одземање: ___
Главни изземања: ___
Доцнење при почеток на осигурување Губење на добивка или екстра трошоци заради доцнење Износ : ___
Лимит на одземање: ___
Главни изземања: ____ Осиг.износ: ___
Лимит на одземање: ___
Главни изземања: ___
Штети на постоечките инсталации/постројки За директни штети, осигур., на предвидената максимална загуба утврдена од КОМПАНИЈАТА Износ : ___
Лимит на одземање: ___
Главни изземања: ____ Осиг.износ: ___
Лимит на одземање: ___
Главни изземања: ___
За консеквентно прекинување на работата или екстра трошоци, осигурување на предвидената макс.,загуба заради директни штети Износ : ___
Лимит на одземање: ___
Главни изземања: ____ Осиг.износ: ___
Лимит на одземање: ___
Главни изземања: ___
Осигурување за одговорност од трето лице
Лимит на осигурување
минимум ЕУР 3.000.000 Износ : ___
Лимит на одземање: ___
Главни изземања: ____ Осиг.износ: ___
Лимит на одземање: ___
Главни изземања: ___

**АНЕКС 10**
**Теркови на банкова гаранција**

10.1 - ТЕРК ЗА ГАРАНЦИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

(Финалниот терк да се внесе овде)

10.2 - ТЕРК ЗА БАНКОВА ГАРАНЦИЈА ЗА ПРВО ПОБАРУВАЊЕ

(Финалниот терк да се внесе овде)

**АНЕКС 11**
**Посебни гаранциски рокови** (кои отстапуваат од ОПШТИТЕ УСЛОВИ)
(Ако има, истите треба овде да се наведат)

**АНЕКС 12**
**СТАНДАРДЕН СОФТВЕР, СОФТВЕР НА ИЗВЕДУВАЧОТ И СПЕЦИЈАЛЕН СОФТВЕР**

ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ изрично се согласуваат дека ИЗВЕДУВАЧОТ ќе биде должен да и испорача на КОМПАНИЈАТА, согласно со ДОГОВОРОТ,барем следниот софтвер, кој треба во целост да ги задоволи важечките термини и услови наведени во ОПШТИТЕ УСЛОВИ:

12.1 СТАНДАРДЕН СОФТВЕР

(Ако има, да се внесе тука)

12.2 СОФТВЕР НА ИЗВЕДУВАЧОТ

(Ако има, да се внесе тука)

12.3 СПЕЦИЈАЛЕН СОФТВЕР

(Ако има, да се внесе тука)

ArcelorMittal

**АНЕКС 13**
**Листа на резервни делови**

(Ако има, да се внесе тука)

**АНЕКС 14**
**Листа на обични амортизациони делови и потрошни материјали**

(Ако има таква листа, да се внесе овде)

**АНЕКС 15**
**Листа на овластени под-изведувачи**

(Ако има таква листа, да се внесе овде)

**АНЕКС 16**
**Листа на алати и материјали кои КОМПАНИЈАТА му ги ставила на располагање на ИЗВЕДУВАЧОТ**

(Ако има таква листа, да се внесе овде)

**АНЕКС 17**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА КАПИТАЛНАТА НАБАВКА**
кои се прифатени од ИЗВЕДУВАЧОТ во формуларот за прифаќање (АФ) од____точен датум да се внесе овде______

(Да се внесат тук)

**АНЕКС 18**
**ТЕХНИЧКА ПОНУДА НА ИЗВЕДУВАЧОТ**

(Понудата да се внесе тука)

**АНЕКС 19**
**Потврди издадени од компетентни органи во врска со:**

ArcelorMittal

19.1 Даноци

(Потврдите/уверенијата да се наведат овде, ако ги има)

19.2 Работна рака

(Потврдите да се набројат и/или внесат овде ако ги има)

19.3 Други аспекти

(Потврдите да се набројат и/или внесат овде ако ги има)